РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-406/7
28-07-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-3320/1 од 19.12.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-3320/1 од 19.12.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-3320/1 од 19.12.2025 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ____________ по престанок на функцијата градоначалник на ______________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ______________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанок на функцијата градоначалник на ______________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-406/2 од 21.01.2026 година и истиот го достави до сторителот на прекршокот . Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-1179/4 од 15.05.2026 година со кое сторителот ________________ го прогласи за одговорен и му изрече прекршочна санкција опомена.

Воедно, лицето има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Согласно горенаведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот предмет и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б, помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З, раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk